*Република Северна Македонија*
*Општина Штип*
*Бр. 18/24-316*
*26.02.2025*
*Ш т и п*

Врз основа на член 29 и член 50 од Законот за урбанистичко планирање (Сл.Весник на РСМ бр.32/20), член 50 точка 4 од Законот за локална самоуправа ("Сл.весник на РМ" бр.5/02), член 36 од Статутот на Општина ШТИП и донесената Годишна програма за финансирање на изработка на урбанистички планови за 2024 Штип со Одлука бр. 08-8117/1 од 20.12.2024 година ("Сл.гласник на Општина Штип" бр.17), Градоначалникот на Општина Штип го доставува следниот:

**С О О П Ш Т Е Н И Е**

**За организирање на јавна презентација и јавна анкета по изготвен**
ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ДЕЛ ОД УРБАНА ЧЕТВРТ СЕ 02.01 СО НАМЕНА Г ОД ГУП НА ГРАД ШТИП, ОПШТИНА ШТИП

Границите на опфатот се движат по:

- - од север опфатот е дефиниран по граница на опфат по претходен ДУП
- - од исток опфатот е дефиниран по осовина на планирана улица по ДУП
- - од југ опфатот е дефиниран по осовина на планирана улица по ДУП
- - од запад опфатот е дефиниран по осовина на планирана магистрала М-5 Штип Кочани-согласно ГУП на град Штип

Површината која ја опфаќа опишаната граница на прелиминарниот плански опфат изнесува 39.397,55m$^2$.

Јавната анкета и јавната презентација за ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ДЕЛ ОД УРБАНА ЧЕТВРТ СЕ 02.01 СО НАМЕНА Г ОД ГУП НА ГРАД ШТИП, ОПШТИНА ШТИП ќе се спроведе со излагање на Предлог планот во информацискиот систем на е-урбанизам, печатени плакати и соопштенија во и околу планскиот опфат и на информациската табла на Општина Штип.

Јавната анкета ќе трае 32 дена од денот на објавувањето на Соопштението и тоа од 14 март 2025 (петок) до 14 април 2025 год (понеделник), а јавната презентација со стручно

презентирање на планот ќе се одржи на ден 27 март (четврток) 2025 година во 12:00 часот во просториите на Сала 2 на општина Штип.

**Во споменатиот рок, можат да се доставуваат писмени забелешки, предлози и мислења на анкетните листови во писмена и електронска форма.**

*Изработил:*
*Борислава Мишева, диа*
*Контролирал:*
*Лазар Хаџи Николов*
*Секретар на Општина Штип*
*Вишна Шорова-Ангелова*

***ОПШТИНА ШТИП***
*Градоначалник*
*Иван Јорданов*